РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA PËR MBIKËQYRJE TË FINANCIMIT KAPITAL TË SIGURIMIT PENSIONAL
Бр.-Nr. 02-531/1
21.05 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 47 став (1) точка л) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018, 245/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.180/2019) и член 8 став (1) точка о) од Статутот на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (бр.01-385/3 од 18.03.2013, бр. 02-13/5 од 22.01.2014, 02-1316/4 од 11.11.2014, 02-83/3 од 30.01.2015 02/1259/6 од 27.11.2018 и 02-464/6 од 29.03.2019 година), претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на 20.05.2020 година, донесе

Техничко упатство за агенти на пензиски друштва

Ова Упатство го опишува процесот за полагање на испит за агенти на пензиските друштва, како и процесите за регистрација, обнова, бришење и ажурирање на податоци во апликацијата - Регистар на агенти, кои Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во понатамошниот текст: Агенцијата) ги спроведува.

1. **Процес за полагање на испит за агенти на пензиските друштва се состои од следните чекори:**

1.1 Закажување на термини за полагање на испит за агенти на пензиските друштва во софтверот за полагање на испит за државни институции

Агенцијата закажува термини за полагање на првиот (теоретскиот) и вториот (практичниот) дел од испитот за агенти на пензиските друштва во софтверот за полагање на испити на државни институции.

1.2 Отворање сесија во апликацијата - Регистар на агенти

Агенцијата отвора сесија во апликацијата - Регистар на агенти, најмалку 60 дена пред одржување на испитот за агенти, за што пензиските друштва добиваат нотификација. Со оваа нотификација се известуваат за датумот кога ќе се одржи испитот за агенти, крајниот рок за достава на XML датотека SAA101 која содржи пријави за кандидатите за полагање на испитот за агенти, како и крајниот рок за достава на докази за исполнување на условите согласно член 77а од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (во понатамошниот текст: ЗЗКФПО) за кандидатите кои ќе полагаат испитот за агенти.

1.3 Проверка на доставена документација за пријавените кандидати за испит од пензиските друштва

Пензиското друштво најмалку 45 дена пред одржување на испитот поднесува писмено барање за полагање на испит за агенти на пензиско друштво до Агенцијата, со докази за исполнетост на условите од член 77а од ЗЗКФПО.

Овластено лице во Агенцијата врши проверка дали пријавените кандидати за полагање на испит за агенти ги исполнуваат/ неисполнуваат условите за полагање на испитот и со пропратно писмо го известува пензиското друштво за истото. Доколку кандидатот не ги исполнува условите за полагање на испит за агенти, претседателот на Советот на експерти на Агенцијата донесува решение за одбивање на барањето за полагање на испитот за агенти.

1.4 Електронско пријавување на кандидати за полагање на испит за агенти на пензиските друштва

Пензиското друштво, на порталот на Агенцијата, ја поставуваат XML датотеката SAA101 со пријави за кандидати за полагање на испит за агенти на пензиски друштва. По автоматската обработка на податоците, системот генерира XML датотека SAA111 за прифаќање/неприфаќање на пријавените кандидати и се испраќа до пензиските друштва.

XML датотека за пријавување на кандидати за испит за агенти- SAA101

Тип на испит	TIP_ISPIT
МБГ на кандидатот	EMBG
Име на кандидатот	IME
Презиме на кандидатот	PREZIME
Адреса на живеење	ADRESA
Место на живеење	MESTO
Телефон	TELEFON
Е-маил адреса	EMAIL
Датум на раѓање	DATUM_RODEN
Пол	POL
Степен на образование	STEPEN_OBRAZOVANIE

XML датотека за прифатени/неприфатени кандидати за испит за агенти SAA111

МБГ на кандидатот	EMBG
Привремен код за кандидатот	KOD_KANDIDAT
Статус на пријавата	STATUS
Причина за одбивање на кандидатот	PRICINA

Статус

0	Одбиен кандидат
1	Прифатен кандидат

1.5 Дефинирање на кандидати по термин за испит за агенти на пензиски друштва

Во апликацијата – Регистар на агенти се дефинираат термини и притоа се генерира XML датотека SAA201 со податоци за термините (број на отворени термини, датум и време на термините, каков тип на испит се работи и број на кандидати во еден термин) и истата XML датотека се испраќа до пензиското друштво. Пензиското друштво доставува XML датотека SAA211 со која ги дефинира кандидатите по термини.

XML датотека со термини за полагање на испит за агенти SAA201

Идентификатор на терминот	TERMIN
Датум и време	DEN_VREME
Тип на испит	TIP_ISPIT
Број на места за дадениот термин	BR_MESTA

XML датотека со пријавени кандидати за даден термин SAA211

Привремен код за кандидат	KOD_KANDIDAT
Термин за кој се пријавува кандидатот	TERMIN

Тип на испит

0	Целосен испит
1	Дополнителен испит

1.6 Фактура за пријавени кандидати за испит за агент на пензиските друштва

Пред одржување на испитот за агенти на пензиските друштва, Агенцијата изготвува фактура за пријавените кандидати за испит за агенти и истата се доставува до пензиското друштво кое има рок од 8 дена по добивање на фактурата да ја изврши уплатата. Во прилог на фактурата за пријавените кандидати за испит за агенти, Агенцијата доставува детален преглед за висината на сумата фактурирана за секој кандидат поединчно.

Фактура за надоместок за испит за агенти FEE101

Тип на надоместок	TIP
Количина	KOLICINA
Надоместок	NADOMESTOK
Вкупно	VKUPNO_STAVKA

Тип на надоместок

1	Регистрација на агент
2	Пререгистрација на агент
3	Обнова на агент
4	Бришење на агент
5	Надоместок за испит за агенти
6	Ажурирање на податоци за агент
7	Повторна регистрација на агент од едно во друго п.д.

1.7 Одржување на испитот за агенти на пензиските друштва (теоретски и практичен дел) и уверение од Агенцијата за положен испит за агент

Испитот за агенти на пензиските друштва започнува со полагање на првиот (теоретскиот) дел од испитот. Претставниците од Агенцијата за време на полагање на испитот за агенти вршат идентификација на пријавените кандидати за испит за агенти и истото го евидентираат во Записник за полагање на испит. Резултатите од полагањето на првиот (теоретскиот) дел од испитот му се достапни на кандидатот, веднаш по неговото завршување. Кандидатот кој не го положил првиот дел од испитот не може да го полага вториот дел од испитот. По завршување на првиот дел од испитот, претставникот од Агенцијата за време на полагање на испитот за агенти генерира XML датотека SAA302 со резултати од испитот и истата ја доставува до пензиските друштва.

Кандидатите кои го положиле првиот (теоретскиот) дел од испитот за агенти го полагаат вториот (практичниот) дел во рок од најмалку пет (5) дена по одржувањето на првиот дел од испитот. Претставниците од Агенцијата за време на полагање на испитот за агенти вршат идентификација на пријавените кандидати за испит за агенти и истото го евидентираат во Записник за полагање на испит. Резултатите од полагањето на вториот (практичниот) дел од испитот се достапни на кандидатот, веднаш по неговото завршување. По завршување на вториот дел од испитот за агенти, претставникот од Агенцијата за време на полагање на испитот за агенти генерира XML датотека SAA301 со резултати од испитот и истата ја доставува до пензиските друштва.

Доколку во текот на полагањето на испитот кандидатот од оправдани причини (болест, породилно отсуство и слично) не се појави на вториот дел од испитот за агенти, има можност во рок од 6 месеци да го полага вториот дел од испитот. Пензиското друштво доставува барање за продолжување на полагање на испит за агенти со доказен материјал, во рок од 8 дена од престанокот на причините за одлагање на испитот. Претставниците од Агенцијата за време на полагање на испит за агенти изготвуваат краток извештај, во кој се констатира отсуството на кандидатот за кој е поднесено барање за продолжување на полагање на испитот за агенти.

Решение за продолжување на испитот за агенти донесува претседателот на Советот на експерти на Агенцијата.

Пензиското друштво ја известува Агенцијата за сесијата и терминот во кој треба да полага кандидатот кој добил Решение за продолжување на испитот за агенти.

XML датотека SAA301 / SAA302 со резултати од испит за агенти

Тип на испит	TIP_ISPIT
Привремен код за кандидат	KOD_KANDIDAT
Освоени поени од испитот за агенти	POENI
Статус	STATUS

Статус

0	Неположен
1	Положен

Кандидатите кои го положиле првиот и вториот дел од испитот добиваат уверение од Агенцијата за положен испит за агент.

1.8 Изготвување на записник од спроведен испит за агенти на пензиските друштва

По завршување на првиот и вториот дел од испитот за агенти на пензиските друштва, Агенцијата доставува Записник од спроведениот испит за агенти до пензиското друштво.

2. Процеси за регистрација, обнова, бришење, ажурирање на податоци на агент и повторна регистрација на агент од едно во друго пензиско друштво во рок од 2 години во апликацијата - Регистар на агенти

2.1 Процес за регистрација на агенти во апликацијата – Регистар на агенти

По завршување на испитот за агент, пензиските друштва за кандидатите кои го положиле испитот за агенти доставуваат до Агенцијата Барање во електронска форма XML датотека SAA401 и писмено барање со потребната документација согласно ЗЗКФПО за регистрација на кандидатите во апликацијата – Регистар на агенти. Електронското барање во форма на XML датотека SAA401 од страна на пензиското друштво се поставува на порталот на Агенцијата (https://porta.mapas.mk). Со поставување на XML датотеката SAA401 барањето електронски се проверува по дефинирани контролни критериуми и се добиваат статуси 0/1 т.е. одбиени/прифатени.

По електронската обработка на XML датотека SAA401 се прави проверка на доставената документација согласно ЗЗКФПО. Доколку документацијата, доставена од страна на пензиското друштво е неуредна или некомплетна или личните податоци во апликацијата - Регистар на агенти не одговараат со податоците во доставената документација за некој од пријавените кандидати, овластеното лице на Агенцијата доставува известување до пензиското друштво во кое се наведуваат причините зошто пријавениот кандидат не е регистриран.

За сите пријавени лица кои ги поминале контролните критериуми на Агенцијата се подготвува Уверение за стекнување својство агент и истото се доставува до пензиското друштво. Истовремено се генерира XML датотека SAA411 со одговори на барањето од пензиското друштвото и се доставува до пензиското друштво на порталот на Агенцијата (https://porta.mapas.mk).

XML датотека SAA401 за барање на измени во апликацијата - Регистар на агенти

Тип на барање	TIP
МБГ на кандидатот	EMBG
Код на агентот	KOD
Датум за важност на барањето	DEN

Тип на барање

1	Регистрација на агент
2	Пререгистрација на агент
3	Обнова на агент
4	Бришење на агент
6	Ажурирање на податоци за агент
7	Повторна регистрација на агент од едно во друго п.д.

XML датотека SAA411 со одговори на барања

Тип на барање	TIP
МБГ на кандидатот	EMBG
Код на кандидатот	KOD
Статус на барањето	STATUS
Причина за одбивање	PRICINA

Статус

0	Одбиено барање
1	Прифатено барање

2.2 Процес за обнова на статус на агент во апликацијата - Регистар на агенти

Пензиското друштво доставува до Агенцијата барање во електронска форма XML датотека SAA401 за обнова на статус на агент во апликацијата -Регистар на агенти. Со поставување на датотеките - SAA401 сите барања се проверуваат по дефинираните контролни критериуми и се добиваат статуси 0/1 т.е. одбиени/прифатени. По електронската обработка на XML датотека SAA401 се генерира XML датотека SAA411 со одговори на барањето од пензиското друштвото и се доставува до пензиското друштво на порталот на Агенцијата (https://porta.mapas.mk).

2.3 Процес за бришење на агент во апликацијата - Регистар на агенти

Статусот агент на пензиско друштво може да престане со бришење на агентот од апликацијата - Регистар на агенти, врз основа на електронско барање во форма на XML датотека SAA401 доставена од страна на пензиско друштво или врз основа на Решение за бришење (суспензија) на агент донесено од страна на Агенцијата, доколку агентот работи спротивно на закон.

2.3.1 Процес за бришење на агент врз основа на барање на пензиско друштво

Пензиското друштво доставува до Агенцијата барање во електронска форма XML датотека SAA401 за бришење на агент во апликацијата -Регистар на агенти. Со поставување на датотеките - SAA401 сите барања се проверуваат по дефинираните контролни критериуми и се добиваат статуси 0/1 т.е. одбиени/прифатени. По електронската обработка на XML датотека SAA401 се генерира XML датотека SAA411 со одговори на барањето од пензиското друштвото и се доставува до пензиското друштво на порталот на Агенцијата (https://porta.mapas.mk).

2.3.2 Процес за бришење на агент врз основа на решение на Агенцијата

Решение за бришење на агент од апликацијата - Регистар на агенти донесува претседателот на Советот на експерти на Агенцијата врз основа на претходно констатирано прекршување на одредбите од ЗЗКФПО и/или ЗДКФПО од страна на агентот. Процесот за бришење на агент во апликацијата -Регистар на агенти, со решение за бришење (суспензија) на агентот донесено од страна на Агенцијата, се спроведува непосредно по донесувањето на истото. По спроведување на решението во апликацијата – Регистар на агенти, агентот добива нов статус, односно се брише од апликацијата - Регистар на агенти за период од 3 години. По спроведеното бришење на агентот од апликацијата - Регистар на агенти врз основа на решение донесено од страна на Агенцијата, овластеното лице писмено го известува пензиското друштво за извршената промена.

2.4. Процес за ажурирање на податоци на агент во апликацијата – Регистар на агенти

2.4.1. Ажурирање на податоци на регистриран агент во апликацијата – Регистар на агенти

По поднесено писмено барање од страна на агент за ажурирање на податоци во Регистарот на агенти, пензиското друштво доставува до Агенцијата барање во електронска форма XML датотека SAA401 за ажурирање на податоци на агент во апликацијата -Регистар на агенти. По електронската обработка во Регистарот на агенти на XML датотеката SAA401 се генерира XML датотека SAA411 со одговори на барањето од пензиското друштвото и се доставува до пензиското друштво на порталот на Агенцијата (https://porta.mapas.mk).

2.4.2. Ажурирање на податоци на кандидат за полагање на испит за агент

Доколку податоците кои се доставени во писменото барање за проверка на исполнетост на условите согласно закон за полагање на испит за агент на пензиско друштво, односно при пријава на кандидат за полагање на испит за агент се разликуваат од податоците доставени во барањето за регистрација на агент во Регистар на агенти, пензиското друштво доставува писмено барање за ажурирање на податоците.

Во прилог на барањето за ажурирање на податоци на кандидат за полагање на испит за агент, пензиското друштво приложува листа на лични податоци на кандидатот за кој треба да се изврши ажурирање како и докази за извршените промени на личните податоци издадени од официјални државни органи. Овластеното лице на Агенцијата ги ажурира податоците во рок од 15 дена од добиеното писмено барање и доставува известување до пензиското друштво за извршеното ажурирање на личните податоци за кои е поднесено барањето.

2.5 Повторна регистрација на агент од едно во друго пензиско друштво

2.5.1 Повторна регистрација на агенти од едно во друго пензиско друштво во рок не подолг од 2 години.

Доколку агентот (активен), сака повторно да се регистрира како агент во друго пензиско друштво, најнапред потребно е да го раскине договорот со пензиското друштво во кое е регистриран. Од датумот кога лицето престанало да биде агент на пензиското друштво каде што е регистриран, потребно е да поминат 365 дена пред истото да стане агент на друго пензиско друштво (без полагање на испит).

Пензиско друштво, во кое што лицето сака повторно да се регистрира, по истекот на наведениот рок (365 дена), но не подолг од 2 години, потребно е да поднесе писмено Барање за регистрација на агент со потребната документација согласно ЗЗКФПО за регистрација на кандидатот во апликацијата – Регистар на агенти и

барање во електронска форма за повторна регистрација на агент од едно во друго пензиско друштво.

Електронското барање се доставува до Агенцијата во форма на XML датотека SAA401 за повторна регистрација на агент од едно во друго пензиско друштво во апликацијата -Регистар на агенти. Со поставување на датотеките SAA401 сите барања се проверуваат по дефинираните контролни критериуми и се добиваат статуси 0/1 т.е. одбиени/прифатени. По електронската обработка на XML датотека SAA401 се генерира XML датотека SAA411 со одговори на барањето од пензиското друштвото и се доставува до пензиското друштво на порталот на Агенцијата (https://porta.mapas.mk).

За пријавеното лице кое ги поминало контролните критериуми на Агенцијата се подготвува Уверение за стекнување својство агент и истото се доставува до пензиското друштво кое поднело барање за повторна регистрација.

2.5.2 Повторна регистрација на агент од едно во друго пензиско друштво во рок поголем од 2 години

Доколку агентот сака да направи повторна регистрација од едно во друго пензиско друштво, а рокот на неактивност на агентот е поголем од 2 години, тогаш агентот е должен повторно да го полага испитот за агенти.

Подготвил: Татјана Милојевиќ
Емилија Рамова
Маја Дукоска
Правна редакција : Татјана Стефановска

Претседател на Советот на експерти
Максуд Али